**ОБЕДИНЕТИ НАЦИИ**

Меѓународен суд за кривично гонење на лица одговорни за тешки кршења на меѓународното хуманитарно право извршени на територијата на поранешна Југославија од 1991 година

Предмет бр.: ИТ-04-82- А

Датум: 24. јуни 2009

Оригинал: англиски

## ПРЕД ПРЕД-ЖАЛБЕНИОТ СУДИЈА

**Судии:** **Судија Мемет Гунеј, пред-жалбен судија**

**в.д. Секретар:** **г. Џон Хокинг**

**Датум на поднесување:** **24. јуни 2009**

**ОБВИНИТЕЛОТ**

**против**

**Љубе БОШКОСКИ**
**Јохан ТАРЧУЛОВСКИ**

*ЈАВНО*

# НАЛОГ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ДАТУМИ

**Канцеларија на Обвинителот:**

г. Пол Роџерс

**Бранители на Љубе Бошкоски:**

г-ѓа Едина Решидовиќ
г. Гуенел Метро

**Бранители на Јохан Тарчуловски:**

г. Алан М. Дешовиц
г. Натан З. Дешовиц
г. Антонио Апостолски
г. Јордан Апостолски

**ЈАС, МЕМЕТ ГУНЕЈ,** судија во Жалбениот совет при Меѓународниот суд за кривично гонење на лица одговорни за тешки кршења на меѓународното хуманитарно право извршени на територијата на поранешна Југославија од 1991 година (понатаму во текстот: Меѓународен суд, и пред-жалбен судија во овој предмет;[1]

**ИМАЈЌИ ЈА ПРЕДВИД** Пресудата во предметот *Обвинителот против Љубе Бошкоски и Јохан Тарчуловски*, Предмет бр. ИТ-04-82-Т донесена од Судскиот совет II на 10. јули 2008;

**ЗЕМАЈЌИ ПРЕДВИД** дека, во согласност со правило 65*bis* (Б) од Правилникот за постапка и докази на меѓународниот суд (понатаму во текстот: Правилник), статусна конференција треба да се одржи во рок од сто и дваесет дена по последната статусна конференција со цел да му се даде можност на секое лице што е во притвор и во очекување на жалбена постапка да покрене прашања во врска со тоа, вклучувајќи и проблеми во врска со психичката и физичката состојба на тоа лице;

**ИМАЈЌИ ПРЕДВИД** дека последната статусна конференција во овој предмет беше одржана на 18. март 2009;

**ВО СОГЛАСНОСТ СО** правило 65*bis* (Б) од Правилникот,

**СО ОВА НАЛОЖУВАМ** следната статусна конференција да се одржи пред мене во четврток, на 16. јули 2009, во 14.30, во Судница II.

Составено на англиски и на француски, при што англиската верзија е меродавна.

Датирано од 24. јуни 2009

Во Хаг,
Холандија

(своерачен потпис на оригиналот)

Судија Мемет Гунеј

пред-жалбен судија

**[Печат на Меѓународниот суд]**

[1] Налог за назначување на пред-жалбен судија, 17. ноември 2008.